## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 алинеја 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 точка 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија"бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 83/17)**

1. Со оваа одлука се пропишува Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст: „Методологија").

Методологијата е прилог на оваа одлука и претставува нејзин составен дел.

2. Банките се должни да ги водат трговските книги, деловната и сметководствената документација и да ги подготвуваат финансиските извештаи согласно со Методологијата.

3. Банките се должни да го усогласат водењето на трговските книги со Методологијата од 1 јануари 2018 година.

Банките се должни при отпочнување на примената на Методологијата да ги преоценат сите финансиски средства и финансиски обврски со состојба на 31 декември 2017 година и на 1 јануари 2018 година, да ги класифицираат и мерат согласно со одредбите од поглавјата 3.1, 3.2, 3.3, 3.4, 3.5, 3.6, 4.1, 4.2, 4.3, 4.4, 4.5, 4.6 и 5.7.

Разликите коишто ќе произлезат од преоценката на сите финансиски средства и финансиски обврски банката сметководствено ќе ги евидентира како корекција на почетната состојба на 1 јануари 2018 година на сметката 906 – Задржана добивка/Акумулирана загуба.

4. Одредбите од оваа одлука се применуваат и на филијалите на странските банки и на штедилниците во Република Македонија.

5. Со отпочнувањето на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/10, 165/12, 50/13 и 110/13).

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2018 година.

**О.бр. 02-15/V-2/2017**
**22 јуни 2017 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**